**НОВИ ДИЈАЛОЗИ** / ПРОГРАМА: **360**

ПРЕДАВАЊЕ НА ДАВИД СТОЛЕРУ

На 30.10.2017 година со почеток во 20 часот во амфитеатарот на Архитектонскиот факултет во Скопје, во рамки на програмата „360“ се одржа второто од серијата предавања на странски професори и експерти, планирани да се одржат во зимскиот семестар од учебната 2017/18 година. Пред присутните наставници и студенти на Архитектонскиот факултет во Скопје свое излагање имаше архитект Давид Столеру (David Stoleru), французин, кој живее и работи во Барселона, од каде го раководи проектот„Беит” (The Beit Project).

Во своето предавање насловено како „Среќавање со другиот – Трансформација на урбаниот простор во место за едукација “(Building the Encounter – Transforming the urban space into a place of education) Столеру најпрво се наврати на своето професионално архитектонско искуство, нагласувајќи ги предизвиците со кои се соочува(л), предививици кои всушност претставувале почетно размислување за концептот на проектот Беит. Потоа ги претстави резултатите од своето искуство со проектот, кој досега го има реализирано во 11 градови во Европа. Во неговото излагање посочи дека проектот "Беит" има за цел да ги трансформира местата од културното наследство во платформи за дијалог и дебата, поврзувајќи ја историјата со современите прашања. Идејата за спојување на младите луѓе од градот (10 – 14 годишна возраст), коишто живеат истовремено во различни и во слични средини - независно дали припаѓаат на различни религии, култури или социјална положба, го поставува како фундаментален елемент во филозофијата на проектот. Во фокусот на проектот е среќавањето со градот, со луѓето во него, зградите, историјата и прашањата коишто се поставуваат пред нас денес. "Среќавањето со другиот“ е овозможено преку различните етапи на проектот. Учениците се поттикнуваат да работат преку негувањето на вредностите на автономијата и взаемнозависноста, слободата и одговорноста, демократијата и споделувањето, како надополнување на традиционалните наставни програми.

Пред почетокот на предавањето, покрај Деканот на Архитектонскиот факултет во Скопје - проф. д-р Огнен Марина, работата на архитект Давид Стилеру беше претставена и од страна на м-р Павел Вељановски, алумни на Архитектонскиот факултет во Скопје, во својство на учесник во проектот Беит. По завршувањето на предавањето следуваше кратка дискусија во која земаа учество повеќе студенти и наставници од Архитектонскиот факултет во Скопје.